# Стратешки план на
# ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
## за периодот 2022-2024 година

Јуни 2022

Република Северна Македонија

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

# СТРАТЕШКИ ПЛАН
# 2022-2024 ГОДИНА

Јуни 2022

# Стратешки план на Основниот суд Кратово
# за периодот 2022-2024 година

**СОДРЖИНА**

1.ВОВЕД........................................................................................................ 5

1.1 КОИ СМЕ НИЕ? ............................................................................................ 5

1.2 ОСНОВЕН СУД КРАТОВО НИЗ БРОЈКИ........................................................ 6

2. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ .......................................................................... 7

2.1 ЦЕЛИ НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН.................................................................... 7

2.2 ПРОЦЕСОТ НА СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ.................................................. 7

3. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ГЛАВНИ ВРЕДНОСТИ .................................................. 7

4. НАШИОТ ПРИСТАП ..................................................................................... 8

5. АНАЛИЗА НА НАДВОРЕШНО И ВНАТРЕШНО ОПКРУЖУВАЊЕ - SWOT АНАЛИЗА на ОСНОВЕН СУД КРАТОВО.............................................................. 9

6. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА.......... 11

7.СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ.............................................................. 11

**Обраќање на Претседателот на Основен суд Кратово**

Во вашите раце е Стратешкиот план на Основниот суд Кратово за периодот 2022-2024 година.

Стратешкото планирање како ефикасна алатка за ефикасно управување со севкупните капацитети и ресурси на институциите има способност креираната визија за посакуваниот резултат да ја претвори во практична реалност.

Следејќи ги актуелните движења и трендовите во областа на современото управување и раководење со институциите, со овој стратешки план ќе се обидеме да успееме да придонесеме во успешно планирање и реализирање на заложбите на Владата на РСМ и на Судскиот совет на РСМ за целосна самостојност и независност на судската власт преку остварување на своите функции, при тоа обезбедувајќи еднаквост, рамноправност и недискриминација по било која основа и правна сигурност врз основа на начелата на владеење на правото, заштита на човековите права и слободи и поделба на државната власт на законодавна, извршна и судска.

Стратешкиот план на Основен суд Кратово е усогласен со Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година на Министерството за правда како и со Стратешкиот план на судската власт во Република Северна Македонија за 2021-2023 година на Судскиот буџетски совет во кои се претставени стратешките цели, насоките, активностите и потребните средства за период од три години и е насочен кон реализација на обврските за остварување на стратешката цел за остварување на полноправно членство на РСМ во Европската унија, а истовремено поставувајќи ги потребите и барањата на грѓаните и правните лица за правично, независно, компетентно, професионално, одговорно и транспарентно судство на највисоко ниво.

Овој стратешки план претставува ефикасен механизам за континуирано следење на спроведувањето на активностите и остварувањето на исполнување на мисијата и визијата на Основниот суд Кратово како дел од судската власт во државата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Судија,
Мирослав Георгиевски

# 1. ВОВЕД

## 1.1 Кои сме ние?

**Основниот суд Кратово** е првостепен суд со основна надлежност за подрачјето на општина Кратово и е надлежен да одлучува во прв степен по кривични дела и прекршоци, и тоа:

- за кривични дела за кои со закон како главна казна е определена казна затвор до пет години, ако за некои кривични дела не е предвидена надлежност на друг суд,
- за кривични дела за кои со посебен закон е определена надлежност на суд со основна надлежност,
- за сите видови на прекршоци, освен за прекршоци кои со закон се ставени во надлежност на орган на државна управа или организација или друг орган што врши јавни овластувања и
- за жалби и приговори за постапките за кои се надлежни овие судови.

Исто така е надлежен да одлучува во прв степен по граѓански спорови, и тоа:

- за спорови во имотно-правните и други граѓанско-правни односи на физички и правни лица, чија вредност е до 50.000 евра во денарска противвредност, доколку со закон не е предвидена надлежност на друг суд,
- за спорови за утврдување и оспорување на татковство, мајчинство, утврдување на постоење на брак, за поништување на брак и развод на брак,
- за законска издршка,
- за чување и воспитување на деца,
- за смеќавање на владение,
- за доживотна издршка,
- за надоместок на штета која не надминува 50.000 евра во денарска противвредност,

во постапка за обезбедување и извршување,

- за работни односи,
- во спорови од наследно-правни односи, во вонпарнични и оставински работи и

за други работи утврдени со закон.

Основен суд Кратово како првостепен суд со основна надлежност е самостоен и независен орган на судската власт чии надлежности се дефинирани со Уставот и законите.

Судот ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт преку остварување на своите функции, при тоа обезбедувајќи еднаквост, рамноправност и недискриминација по која било основа и правна сигурност врз основа на човековите права и слободи и поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска.

## 1.2 Основниот суд Кратово низ бројки

**Судии**

Со одлука на Судскиот совет на РСМ бројот на судии во Основен суд Кратово е определен на вкупно 3 (тројца) судии.

Бројот на избрани судии со статус на 31.12.2021 година е 2 (двајца) судии и со Одлука на Судскиот совет на РСМ од 09.12.2020 година, еден судија од Основен суд Куманово е избран да ја извршува функцијата Претседател на судот со мандат од 4 години.

**Вкупен број на вработени во судската служба**

| | Судски службеници | Припадници на судската полиција | Технички кадар – вработени по ЗРО | Вкупно вработени во судската служба |
|---|---|---|---|---|
| статус на 31.12.2021 год. | 10 | 4 | 1 | 15 |

**Податоци за половата структура и степенот на образование за сите вработени во 2021 година**

| Работно место | Високо | | Вишо | | Средно | | Основно | | ВКУПНО | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | Мажи | Жени | |
| **Именувани** | 1 | 2 | | | | | | | **1** | **2** | 3 |
| **Раководни** | | | | | | | | | **0** | **0** | 0 |
| **Нераководни** | 2 | | 0 | | 5 | 5 | 3 | 0 | **10** | **5** | 17 |
| **Вкупно** | **3** | **2** | **0** | **0** | **5** | **5** | **3** | **0** | **11** | **7** | 18 |

**БУЏЕТ НА ОСНОВЕН СУД КРАТОВО ЗА 2018-2021 ГОДИНА**




2018 ГОДИНА – одобрени средства од буџетот 1.732.500,00 денари
2019 ГОДИНА – одобрени средства од буџетот 1.282.000,00 денари
2020 ГОДИНА – одобрени средства од буџетот 1.830.000,00 денари
2021 ГОДИНА – одобрени средства од буџетот 1.380.000,00 денари

# 2. СТРАТЕШКО ПЛАНИРАЊЕ

## 2.1. Цели на Стратешкиот план

Во рамките на своите потреби за придонес кон исполнување на целите на реформските процеси во правосудството Основен суд Кратово изработи Стратешки план за период од 2022 до 2024 година.

Овој стратешки план е во согласност со Стратегијата за реформа на правосудниот сектор 2017-2022 година и Стратешкиот план на судската власт за 2021-2023 година на Судскиот буџетски совет и во истиот се наведени главните стратешки приоритети кои се однесуваат на подобрување на функционирањето на судот во целост.

Стратешкиот план на Основен суд Кратово е сеопфатен документ кој ги утврдува генералните насоки како приоритетни цели, мерките и активностите кои треба да се преземат за нивна реализација и креирање на соодветни политики кои ќе ги дадат најсоодветните резултати во постигнување на приоритетите. Тој претставува синтеза на планирање во областите на делување на Основен суд Кратово и планирање на развојот внатре во институцијата и се темели на соодветни податоци и реално одразени цели, ресурси и очекувани резултати, имајќи ги предвид расположливите човечки капацитети, фискалните рамки и буџетските промени кои обезбедуваат спроведување на планот.

Стратешкиот план претставува ефикасен механизам за континуирано следење на спроведувањето на активностите и остварувањето на исполнување на мисијата и визијата на Основен суд Кратово.

## 2.2. Процесот на стратешко планирање

Целта на процесот на стратешко планирање е да се зајакнат капацитетите на судот преку спроведување на процес на партиципативно стратешко планирање и дефинирање на среднорочни стратегии на институцијата, вклучувајќи ги и клучните индикатори за мерење на организациските перформанси и успех.

# 3. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ГЛАВНИ ВРЕДНОСТИ

Мисијата, визијата и вредностите на една институција се од најголемо значење бидејќи тие ја дефинираат и детерминираат целта за постоењето на институцијата и истите овозможуваат согледување на целите кон кои се стреми, а кои претставуваат основни постулати за градење и формулирање на сопствена организациска стратегија.

Мисијата и визијата всушност извираат од значењето на доверените функции на судот согласно законската надлежност како суд со основна надлежност, како и очекувањата на општеството и заедницата од работата и спроведувањето на законите од страна на судот, како суд кој одлучува во прв степен.

Мисијата на судот и главните вредности кои треба да ги обезбеди како главни одредници се:

### I. Обезбедување на Независно судство

-Како основа на владеење на правото во демократско општество во кое целосно се почитува принципот на поделба на власта.

### II. Транспарентност и достапност

- Сите граѓани мора да имаат еднаков пристап до судот, како и достапност до нивните податоци, одлуки и информации релевантни за граѓаните.

### III. Судска власт во која граѓаните имаат доверба

- Бидејќи довербата е столбот врз кој се потпира модерното демократско општество каде што се донесуваат квалитетни одлуки, во разумен рок, почитувајќи ги странките во постапката, во рамките на систем кој обезбедува отворен и јавен процес на одлучување и во кој има проактивна и јасна комуникација со граѓаните.

## 4. НАШИОТ ПРИСТАП

Во исполнување на целите на Стратешкиот план, Основен суд Кратово ќе се води од следните вредносни начела:

### *Клучни активности*

- *Доследна примена на законите на Република Северна Македонија*
- *Реализација на активности од Стратегијата за реформа на правосудниот сектор за периодот 2017-2022 чии носители се институциите од судската власт*
- *Реализација на активности од Стратешкиот план на судската власт за периодот 2021-2023 година на Судскиот буџетски совет*
- *Следење на состојбите во судството и поднесување предлози за подобрување на истите*
- *Унапредување на примената на ИКТ во судот*
- *Подготовка на периодични и годишни извештаи*
- *Презентација на резултатите од работата во јавноста и активности за подобрување на имиџот на судот и судската власт*
- *Ефикасно и економичо извршување на Судскиот буџет*
- *Унапредување на стручноста и вештините на судиите и вработените во судот*

### *Вредности и принципи*

- *Етичност, Совесност и Чесност*
- *Правичност,*

- *Правна сигурност*
- *Јавност*
- *Посветеност во работата,*
- *Следење и примена на современите технологии во судството*

### *Целни групи*

- Правни и физички лица
- Влада на РСМ
- Министерство за Правда на РСМ
- Министерство за финансии на РСМ

### *Партнерства и соработка*

- Влада на РСМ
- Министерство за Правда
- Министерство за внатрешни работи
- Министерство за информатичко општество и администрација
- Академија за судии и јавни обвинители
- Граѓански организации
- Меѓународни организации и институции
- Донаторски агенции
- Медиуми
- Државно правобранителство
- Европска унија

## 5. АНАЛИЗА НА НАДВОРЕШНО И ВНАТРЕШНО ОПКРУЖУВАЊЕ - SWOT АНАЛИЗА на ОСНОВЕН СУД КРАТОВО

*Внатрешна иститутуционална анализа на судот*

**_ЈАКИ СТРАНИ_**

1. Ефикасонст на судот во решавањето на судските предмети (Континуирано се совладува приливот на нови предмети и се намалува бројот на стари и нерешени предмети),
2. АКМИС софтверот целосно се имплементира во судот,
3. Со измените во ЗПП се овозможи забрзување на граѓанските постапки
4. Судот е се потранспарентен за јавноста
5. Редовно објавување на донесените судски одлуки, закажаните судења (рочишта), соопштенија на веб страната на судот.
6. Замена на персоналните компјутери во претходните три години

**_СЛАБИ СТРАНИ_**

1. Недоволен број на избрани судии и на вработени во судската служба во судот
2. Недостаток на стручен кадар
3. Недоволни капацитети за управување со финансии
4. Постои потреба од воедначување на судската пракса
5. Постои потреба од редефинирање на капацитетот на веб страната на судот
6. Нема стратегија за односи со јавност на судството (недоволна транспарентност, недоволно информирање на јавноста за постигнатите резултати)
7. Потреба од квалитетни кадри за посилна комуникациска стратегија со јавноста и медиумите на судовите
8. Не постои методологија за утврдување на потребниот број на вработените во судовите
9. Недостаток на средства за капитални инвестиции
10. Постои потреба од подобрување на капацитетите за аплицирање и имплементирање на ИПА програми, како и проекти од други донаторски агенции
11. Не постои директна електронска поврзаност помеѓу судовите и другите државни институции

_Надворешна Анализа на контекстот во кој функционира судската власт и конкретно судот_

**_МОЖНОСТИ (Позитивни надворешни фактори)_**

1. Постои потреба за подобрување на угледот на судството преку поголема проактивност на судството
2. Судството е висок приоритет во евроинтеграциите на РСМ
3. Има потреба за подобрување и зголемување на капацитетите на WEB страните на судовите и обединување во еден судски портал, како и потреба од форум за помош и разменување на мислењата на судиите.
4. Постои потреба од унапредување на статусот на судските службеници и подобрување на положбата на останатите вработени во судството
5. Постои можност за обезбедување на меѓународна поддршка за јакнење на капацитетите на судската власт

**_НЕПОВОЛНОСТИ (негативни надворешни фактори)_**

1. Постојат предизвици во имплементација на регулативата за кривична постапка (технички и финансиски) за доследна примена на новиот ЗКП, ЗПП, треба подобра организација и ресурси за спроведување на тонско и видео снимање.
2. Судството е постојано под удар на јавноста и медиумите

3. Има потреба од зголемување на одобрените финансиски средства за работа во судот од страна на СБС.
4. Постои потреба од анализа за досегашната употреба на АКМИС, нејзината надградба и следење (Потреба од мрежно поврзување на судовите од прв, втор и трет степен и формирање на компјутерски центар при ССРСМ)
5. Постои потреба од целосно ревидирање на Законот за Судска служба (во делот на несоодетна распределба на човечките ресурси и оценувањето и унапредувањето на судските службеници)
6. Не се одобруваат вработувања кои се неопходни, како и наградувањето на вработените кое е предвидено со закон
7. Има делумно неприфаќање на системот на електронска достава од сите заинтересирани страни (државни органи, адвокати и правни лица)

## 6. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА

| Остаток на нерешени предмети од претходната година | Прилив на нови предмети | Вкупен фонд на предмети во работа | Број на решени предмети | Остаток на нерешени предмети на крајот од годината |
|---|---|---|---|---|
| 242 | 2559 | 2801 | 2570 | 231 |

Основен суд Кратово во извештајната 2021 година е ажурен суд имајќи во предвид дека како остаток нерешени предмети од претходната година биле 242 предмети, со прилив на нови 2559 предмети во текот на 2021 година, при што е совладан приливот на нови предмети и се решени предмети од заостатокот, па така на крајот на 2021 година како остаток се 231 нерешени предмети.

Основен суд Кратово во претходната година се соочуваше со голем недостаток на човечки ресурси имајќи го во предвид природниот одлив на судски службеници, а од друга страна не беа одобрени нови вработувања во судот од страна на Судски буџетски совет и Министерството за финансии, а од друга страна пак дојде до зголемен прилив на нови предмети од 2559 споредбено со претходните три години, во 2018 година од 1988 предмети, во 2019 година од 1873 предмети и во 2020 година од 1638 предмети, сепак со дополнителни организациони, работни обврски и зголемена ангажираност на сите вработени со успех ја заврши извештајната година и е во групата на ажурни судови.

## 7.СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

За реализација на стратешките приоритети и цели на Основниот суд Кратово за периодот 2022-2024 година утврдени се пет (5) приоритети за чиешто спроведување се поставени 16 (шеснаесет) цели.

Сите стратешки приоритети презентирани подолу се во директна корелација со наодите од Функционалната анализа на Основен суд Кратово.
Предвидените активности кои се во насока на остварување на поставените приоритети и цели се детално разработени во овој Стратешки план.

## Приоритет бр.1 – Обезбедување нови вработувања и пополнување на испразнетите работни места во судот

За реализација на овој приоритет кој во суштина е во тесна корелација со начелото на квалитет во работењето на судот, утврдени се следните стратешки цели:

Цел 1– Да се изготви навремено Годишниот план за вработување во судот со прецизно наведување на планираните пензионирања во текот на годината и во наредната година и потребните нови вработувања во наредната година и истиот да се достави на одобрување до Судскиот буџетски совет најдоцна до 01 март во годината.

Цел 2 – До Судски буџетски совет заедно со Годишниот план за вработување во судот да се достави дополнително соодветно образложение за потребните нови вработувања, односно пополнувања на испразнетите работни места по основ на пензионирање и да се наведе итната потреба за тоа.

Цел 3 – Согласно планираните пензионирања во Годишниот план за вработување, најмалку еден месец пред некој вработен да ги исполни условите за заминување во старосна пензија од истиот да се побара да се изјасни дали ќе бара продолжување на договорот за вработување согласно закон, па последователно на тоа веднаш да се испрати барање до Судски буџетски совет за одобрување на вработување на определено време со цел истото работно место да не остане испразнето, а се до обезбедување согласност за вработување на неопределено време.

Цел 4 – Согласно Годишниот план за вработување, доколку не се одобрат планираните вработувања од страна на Судски буџетски совет, веднаш ургентно да се испрати барање до Судски буџетски совет за обезбедување согласност од Министерството за финансии за вработување на опредлено време на неопходните работни места кои ќе бидат непополнети согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во судот.

## Приоритет бр. 2 – Обезбедување на подобри услови за работа во Основен суд Кратово

За реализација на овој приоритет кој во суштина е во тесна врска со ефективноста и ефикасноста во работењето на вработените во судската служба и на судиите, утврдени се следните стратешки цели:

Цел 1 – Да се обезбедат финансиски средства за замена на старите прозорци и врати со нови пвц прозорци и нови врати.

Со ова ќе се постигне подобра звучна и топлотна изолација, ќе се заштеди при затоплување на просториите во судот во текот на зимскиот период, а дополнително имајќи во предвид дека Основен суд Кратово се затоплува на парно на електрична енергија, а со тоа и ќе се намалат и трошоците за електрична енергија која е во постојан пораст. Со ова се зголемува и енергетската ефикасност на судската зграда.

Цел 2 – Изработка на енергетски ефикасна фасада со реновирање на влезна партија (партер и настрешница).
Замената со енергетски ефикасна фасада е дополнително потребна со цел да се задоволат стандардите и да се добие дополнителна топлотна изолација, како и за дополнително да се заштеди на потрошувачката на електрична енергија. Исто така влезот пред судот – партерот е во лоша состојба, плочките на земјата се искршени и небезбедни за движење и затоа потребно е реновирање на овој дел како и на настрешницата над влезот.

Цел 3 - Инсталација на фотоволтаична централа и соларни панели на кровот на судската зграда.
Основниот суд Кратово, веќе неколку години station наназад се соочува со проблеми од аспект на висината на одобрените финансиски средства при распределбата на годишните буџети за секој суд поединечно, а најмногу расходи има на ставката за плаќање на комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, од причина што затоплувањето на просториите во судската зграда е на парно греење кое што е на електрична енергија, што во текот на грејната сезона во зимските месеци предизвикува многу поголема потрошувачка на електрична енергија и со тоа ги зголемува сметките за електрична енергија за неколку пати. Од друга страна пак затоплувањето на електрична енергија е еколошко и не предизвикува загадување на животната средина што пак е еден од приоритетите на денешното живеење и кон што се стремиме сите ние за здрава животна средина. Ваквата инвестиција во фотоволтаична централа и кровни соларни фотоволтаични панели ќе придонесе за заштеда на електрична енергија и заштита на животната средина.

## Приоритет бр.3 – Подобрување на ефикасноста во функционирањето на судот

За реализација на овој приоритет кој е во тесна врска со начелото на ефикасност во работењето, утврдени се следните стратешки цели:

Цел 1 – Да се ревидира актот за систематизација и внатрешна организација на работните места во судот и истите да се прилагодат согласно потребите и надлежноста на судот и со јасно дефинирање на правата и обврските и надлежностите на внатрешните судски оддели и одделенија кои функционираат во рамки на судот.

Цел 2 – Да се овозможат услови за надградување на знаењата на судските службеници и да добијат соодветен третман на судски службеници, како посебна група на административни службеници, согласно Законот за судска служба, а во линија на обезбедување на независно, квалитетно, ефикасно, транспарентно и одговорно извршување на сите доверени задачи.

Цел 3 – Доследно да се применуваат пропишаните внатрешни процедури при управување со движењето на предметите во судот, со цел да се оптимизираат сите функции и зголеми ефикасноста во работењето;

## Приоритет бр.4 – Зајакнување на транспарентноста за зголемување на довербата на јавноста во работата на судот

За реализација на овој приоритет директно поврзан со принципот на транспарентност и отчетност, утврдени се следните стратешки цели:

Цел 1 – Судот да биде проактивно транспарентен преку соопштување и обраќање кон јавноста за реалните позитивни резултати од работата како и за предизвиците со кои се соочува;
Цел 2 – Да се подготви и усвои комуникациска стратегија која ќе ги постави постулатите за професионален пристап кон односите со јавност со цел за подобрување на угледот на судот;
Цел 3 – Да се овозможи и спроведе анкета помеѓу граѓаните кои доаѓаат во судот за задоволството од работењето на судот конкретно, како и воопшто на судството, кое нешто е најбитен показател за евентуалните недостатоци при работењето;
Цел 4 – Да се зајакнат капацитетите на судските службеници и на судиите во делот на односи со јавноста преку интензивирани обуки за комуникациски вештини, што од друга страна ќе придонесе за зајакнување на авторитетот и подобрување на угледот во јавноста;

## Приоритет бр.5 – Унапредување на домашна, регионална и меѓународна соработка со домашни и меѓународни организации, донатори и организации од граѓанскиот сектор

За реализација на овој приоритет, утврдени се две (2) стратешки цели:

Цел 1 – Воспоставување и унапредување на соработка и координација на национално и меѓународно ниво со цел усогласување со стандардите на ЕУ;

Цел 2 – Да се интензивира соработката со домашните институции како адвокатска комора, нотарска комора, комора на извршители, медијатори во насока на исполнување на стратешките приоритети и цели зацртани со овој Стратешки план.